# Извештај Граѓанскио засновани анализи 2010 година



Поголемиот број испитаници (58%) сметаат дека нема промени во состојбата со меѓуетничките односи во земјата во дванаесетте месеци пред анкетата, а една десеттина (11%) сметаат дека се подобрени.

Македонското општество може да се опише како мултиетничка, мултинационална, плуралистичка, мултикултурна млада демократија. Во поглавјето за мултиетничките односи е претставен краток преглед на структурата на етничката припадност поврзана со наодите од анкетата.
Според наодите кои се претставени во Извештајот, клучните прашања се економските проблеми и дискриминаторските последици од економскиот систем и зголемувањето на таканаречениот фрустрациски јаз. Другото загрижувачко прашање е поврзано со редистрибуцијата на јавните ресурси и политичката моќ преку правичната репрезентација, децентрализацијата и другите не-дискриминаторски политики. Ова поглевје исто така се фокусира на улогата на политичките партии и лидерите и на перцепцијата на меѓуетничките односи во земјата.

Правичната застапеност е важен инструмент за политичка и социјална вклученост на малцинствата во општеството. Во текот на последните неколку години, постои значително зголемување на правичната застапеност во администрацијата, армијата, полицијата, и правниот систем, иако квотата сè уште не е исполнета. Според најновите податоци за етничката композиција, 22% од професионалните војници се етнички Албанци, 2.3% се Турци, 1.3% се Роми и 2.4% се Срби. Од друга страна, „партизацијата“ на државната администрација континуирано претставува слабост. Според изјавата на членот на Европскиот суд на ревизори, тешкотијата со која се соочуваат европските проекти за институционално зајакнување, меѓу другото, претставува „нестабилната администрација“, страните во администрацијата се менуваат после секои избори.

*Очекувања на промени во меѓуетничките односи во текот на следните 12 месеци*




**Половина од испитаниците често одат во ресторани или кафе барови кои се во сопственост на лица од различна етничка група.**

Поголемот дел од луѓето ги гледаат меѓуетничките тензиии како помалку опасни отколку оние меѓу богатите и сиромашните и помеѓу вработените и менаџерите. Исто така, поголемиот дел испитаници сметаат дека меѓуетничките односи не се влошиле во текот на 2009 година, и не очекуваат да се влошат во иднина. На прашањето дали очекуваат насилен етнички конфликт, мнозинството одговорило дека не постои таков ризик или дека тој е многу мал.



Со цел општеството да се направи постабилно, кохезивно и инклузивно, да се подобрат меѓуетничките односи и да се намали нивото на предрасудите, нетолеранцијата и дискриминацијата, Извештајот наведува на две стратегии:

Долгорочни владини политики, кои целат кон намалување на условите кои се причинители на меѓуетничките конфликти - високо ниво на невработеност, сиромаштија, нееднаквост и дискриминација, особено кај Ромската популација.

Креаторите на политиките, како и активистите од цивилното општество треба да ги афирмираат стабилизаторските ефекти за имплементирање на ОФА за креирање на потолерантно мултиетничко општество.

Политичките партии и лидерите се двигатели за зајакнување на средината на толеранција, и за креирање функционално мултиетничко општество. Владините политики, како и НВО треба да се фокусираат на подобрување на квалитетот на јавното и приватното образование, бидејќи образованието од страна на повеќето луѓе се смета за фактор за етничка кохезија повеќе отколку било која друга институција освен семејството. Државните институции треба да развијат и да поддржат проекти за заедничко учење и активности. Една од препораките која произлегува од ова издание е да се промовираат проекти кои ќе ги зајакнат контактите помеѓу учениците од различни националности.

За серијата извешаи Граѓански засновани анализи: Извештајот Граѓански засновани анализи 2010 година, продолжува да ги испитува трендовите и аспектите на социјалната вклученост, кое беше иницирано во првиот број, издаден во Март, 2008 година, каде главниот фокус беше социјалната вклученост испитувана од аспект на управувањето и етничките димензии. Оваа серија на извештаи продолжува со следното издание издадено во Април, 2009 година, каде главиот фокус беше на регионалниот развој и квалитетот на живот. Секој извештај се базира на наодите од анкетата на 1000 испитаници (3000 испитаници за вториот регионален извештај) од целата држава со финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП). Овие извештаи целат кон креирање на простор за професионално, непартизирано, балансирано, прагматично и конструктивно независно истражување на политиките и капацитетите во државата, со поглед на зголемување на инклузивноста и креирањето на политика базирана врз докази, квалитет на управување и животот на луѓето.

ЗА КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ: Социјалната инклузија ги дефинира вредностите на општеството со препознавање на "должноста за грижа" на власта да ги обезбеди сите потребни средства за секој поединец да биде дел од општеството со еднакви социјални, економски и/или политички можности. Таа исто така ги адресира сите форми на нееднаквоста внатре во државата. Социјалната вклученост е одговор на институционалната неефикасност, што претставува долгорочен процес кој бара промени во социјалните ставови и врските на моќта. Таа исто така има оперативна пристрасност, осмислувајќи одговори во политиките, ефективно распознавајќи дека Државата има "должност да се грижи" да ги вклучи сите членови на општеството во политичките , економските и социјалните процеси. Дополнително, социјалната вклученост мора да одговори на различните видови дискриминација во однос наполот, возраста, етничката припадност или инвалидитетот, итн.

Универзитетот на Југоисточна Европа е институција за високо образование која се наоѓа во осмата година на нејзиното постоење. Од отворањето на нејзиниот кампус во Тетово во октомври, 2001 година, таа успеа да се етаблира како универзитет чија работа се раководи од високи стандарди за квалитет и е финансиски одржлива. Во денешно време, тој е модел за мултиетничка, мултијазачна образовна институција во Југоисточна Европа. Тој успеа во комбинирањето на најдоброто од Европското искуство и искуството на Соединетите Американски Држави, и продолжува да ги користи бенефициите од академската соработка спонзорирана од Европската Комисија и УСАИД, меѓу другите донатори. ЈИЕУ се истакнува од другите институции во промовирањето на соработката во истражувањето, размената на студенти и академски кадар и неговата заедница. њњњ.сееу.еду.мк